

# СПИРО КУБУРОВСКИ

## БИТОЛА НА ПЛАТНО



Роден е 1940 год. во село Косинец
(Егејска Македонија)
Заврши I степен на Академијата за
ликовни уметности во
Белград 1963 год.
Член е на ДЛУМ од 1983 год.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:
1964 - Травник
1988 - Скопје

ГРУПНИ ИЗОЛЖБИ:
Франција:
1973 - Меѓународна изложба во
"Шарентон ле Понт" - Париз и Мелуз
Данска:
1975 - О, Денсе
Германија:
1976 - Кассел
Југославија - генерација 66
1988 - Белград - Скопје

Учествувал на традиционалните
изложби на ДЛУМ во
1984, 1985, 1986, 1987, 1988 год.
1988 - Ликовни уметници -
деца бегалци од Егејскиот дел на
Македонија
1989 - VI сликарство мал формат

Живее и работи во Скопје.
бул. "Јане Сандански" бр. 88-1/2
91000 СКОПЈЕ













# ВОПОТРАГА ПО БИТОЛСКИТЕ УБАВИНИ
## - за сликарството на Спиро Кубуровски -

По првата самостојна изложба во 1988 година, Спиро Кубуровски продолжи да да го збогатува и усовршува своето сликарство кое се одликува, пред сé, со изразување на некои карактеристични особености на традиционалното сликарство, сфатено во поширока смисла на зборот, односно во една поширока естетска концепција и императив. Секако дека таквата сликарска ориентација се должи на неколку предходни професионални показатели. Имено, во творечката, сликарска постапка на Спиро Кубуровски наоѓаме значителни елементи од неговото добиено знаење и искуство, сопрво Уметничкото училиште во Скопје, потоа во Академијата за ликовни уметности во Белград, каде што I степен заврши уште во 1963 година, и најпосле, од неговите чести престојувања во Париз и во други западноевропски градови, во кои учествувал и на разни изложби од меѓународен карактер (како на пример во Шарентон-ле-Пон во Париз и во неколку градови во СР Германија, Данска, Велика Британија и тн.).

Тоа значи дека Спиро Кубуровски за да дојде до овај стептен на уметничкото изразување и резултати, поминал еден подолг пат на професионални истражувања и експериментирања, или, како што тоа метафорички имаат обичај да го кажат самите уметници, едно темелно "печење на занаетот". Се разбира, во тие долги "професионални патешествија", Кубуровски секогаш успеваше да го зачува автохтониот, персоналниот израз, кој е веќе веднаш препознатлив.

Сликите од оваа негова најнова фаза јасно ги одразуваат сите карактеристики на неговото сликарство, се разбира, во една наполно зрела проекција, без никакви повидливи осцилации во естетска и техничка смисла, со сигурноста на сликарскиот потег и на јасната сликарска порака. Темата на овие најнови слики на Кубуровски е Битола и прекрасните питорескни мотиви на овој легендарен и древен македонски град, старата архитектура од "предевропскиот" период, како и архитектуралните мотиви со европски карактер и дух, карактеристичниот градски амбиент и градската душа, за што се испеани толку убави македонски песни, чиј копнеж е една од најсилните страсти на секое чисто и благородно македонско срце.

И во овие најнови слики Кубуровски доминантно место им дава на колористичките валери, но исто така не го запоставува и цртежот, како основен структурален квалитет на композацијата. Всушност бојата и цртежот во сликите на Кубуровски прават една природна и логична синтеза, едно естетско единство што го зголемува ефектот на уметничкото дело.

И можеме да кажеме дека токму елементарната грижа за цртежот не дозволува топлата и импресивна палета на Кубуровски да се распливне по платното, тоналните особености, како и во поранешните дела на уметникот, се добро организирани, одмерени, сигурни и уверливи, без никакви стилски небулозности, што би внеле смут во општиот ред на композициската целина. Уште еднаш ќе потенцираме една поранешна констатација дека сликарската визија на Кубуровски е јасна и полна со експресија, при што се мешаат асоцијации и од класичното и од модерното сликарство, без да си наштетува едното на другото.

Спиро Кубуровски и во овие слики во кои ја опева својата нежност и сага за градот Битола, чија прегратка првпат ја почувствувал во далечната 1947 година,по голготското бегство од родното крајно огниште, уште еднаш ја потврдува својата наклонетост спрема деталјот и детализацијата, но не со цел да постигне некакво прецизно и сурнопарно фактографство, туку за да ја збогати сликата со уметнички подробности. Кубуровски и така ја применува својата сакана методана стилизација што ја спроведува на повеќе партии на делото. Во тој процес Кубуровски со голема умешност ги елиминира непотребните детали, кои можат да го намалат општиот впечаток. Така, сликарската творба ја доведува наосновното, на она што е естетски најсуштествено, секогаш стремеќи се заповисок професионализам и за побогата уметничка визија.

Паскал Гилевски




ИЗДАВАЧ:
ГАЛЕРИЈА арс БИТОЛА

ОРГАНИЗАТОР:
ГАЛЕРИЈА • арс • БИТОЛА
ДРУШТВО НА ЛИКОВНИ
УМЕТНИЦИ - БИТОЛА

ФОТО:
Атанас Нашоку - Саку

ПЕЧАТИ:
печатница *АНС* - Битола


ЛИКОВЕН САЛОН ДЛУБ - БИТОЛА МАЈ 1998